Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ ЗА ПАУШАЛНО ОДАНОЧУВАЊЕ на остварени приходи од земјоделска дејност

Единствен даночен број (ЕДБ)

Датум и број на прием

Телефон

е-пошта

Полн назив / име и презиме и адреса на вистинско седиште за контакт

## 1. Податоци за обврзникот - носител на СЗС/ИЗ

1.1. Единствен матичен број на граѓанинот

1.2. Работна активност
** внесете 1 или 2*

1/ се занимава исклучиво со земјоделство
2/ земјоделство како дополнителна дејност

## 2. Податоци за земјоделските парцели кои се користат

| Сопственост на земјиште<br>1. сопствено / 2. закуп / 3. подзакуп / 4. под концесија / 5. плодоуживателство | Име на катастарска општина | Број на катастарска парцела | Катастарска култура | Насадена култура | Вид/сорта | Површина | | | Просечен принос по мерна единица во килограми | Вкупен приход кој е остварен или се очекува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | ха | ар | м² | | |
| 2.1. | 2.2. | 2.3. | 2.4. | 2.5. | 2.6. | 2.7. | 2.8. | 2.9. | 2.10. | 2.11. |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

## 3. Податоци за видот и бројот на животните

| 3.1. ВИД НА ЖИВОТНО | | 3.1.1. Вкупен број | 3.1.2. Вкупен приход кој е остварен или се очекува |
|---|---|---|---|
| Крави | | | |
| Јуници во тов | | | |
| Нестелни јуници | | | |
| Стелни јуници | | | |
| Бикови во тов | | | |
| Бикови за расплод | | | |
| Овци | | | |
| Јагниња | | | |
| Кози | | | |
| Јариња | | | |
| Свињи | | | |
| Прасиња | | | |
| Кокошки расплодно јато | | | |
| Кокошки несилки за приплодни јајца | | | |
| Кокошки производно јато | несилки | | |
| | за тов | | |
| Пилиња | | | |

| 3.2. ПЧЕЛИ | 3.2.1. Пчелни семејства | 3.2.2. Вкупен приход кој е остварен или се очекува |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| 3.3. ДРУГО | 3.3.1. Вкупен број | 3.3.2. Вкупен приход кој е остварен или се очекува |
|---|---|---|
| Полжави | | |
| Ноеви | | |
| Животни за производство на кожа и крзно | | |
| Мисирки | | |
| Патки | | |
| Гуски | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

## 4. Податоци за земјоделската опрема со која располага обврзникот

| 4.1. Број | 4.2. Вид на опрема со која располага |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

## 5. Остварен/очекуван вкупен приход во износ од ________ во ____ година

## 6. Прилози кон барањето

☐ Број на приложени документи кон барањето

## 7. Податоци за составувачот и подносителот на барањето - носител на СЗС/ИЗ

**Изјавувам под полна материјална и кривична одговорност дека наведените податоци се точни и вистинити**

Потписник ____________________ Својство ____________________

*име и презиме (со печатни букви)* *директор/сопственик/партнер/овластено лице*

Потпис ____________________ Датум на поднесување д д м м г г г г

**Податоци за составувачот:**
** адреса на живеење/седиште*

Назив/Име и презиме

ЕДБ/ЕМБГ

улица ____ број ____

телефон ____ моб.тел ____

**Податоци за одговорното лице:**
** адреса на живеење/седиште*

Име и презиме

ЕМБГ

улица ____ број ____

телефон ____ моб.тел ____

** Пополнува Управата за јавни приходи*

Датум на обработка д д м м г г г г

Потпис на обработувачот

Забелешка

# ПДД-ПЗ

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Согласно членот 31-а од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник весник на Р.М.", бр.80/93 ... 139/09), обврзникот на приходи од земјоделска дејност чиј вкупен приход во годината за која се утврдува данокот не го надминува износот од 1.300.000 денари се оданочува според паушално утврден приход.
Обврзниците на земјоделска дејност се и лицата кои земјоделската дејност ја вршат како дополнително занимање и остваруваат приходи.
Барањето за паушално оданочување се поднесува секоја година, најдоцна до крајот на годината за која се врши утврдување на данокот, до Управата за јавни приходи.
Управата за јавни приходи одлучува по поднесеното Барање, за паушално оданочување.
Кога Управата за јавни приходи ќе оцени дека се исполнети условите од член 31-а од Законот, паушалниот приход на обврзникот го утврдува, врз основа на остварениот вкупен приход (освен субвенции) и признатите нормирани трошоци.
Правото на паушално оданочување на обврзници кои остваруваат приходи од земјоделска дејност не може да се признае на обврзникот чиј вкупен приход во годината е поголем од 1.300.000 денари. Во тој случај обврзниците се должни да се регистрираат во една од формите согласно Законот за трговски друштва (трговец поединец, друштво со ограничена одговорност, друштво со ограничена одговорност-едно лице и друго).
Ако Управата за јавни приходи утврди дека престанале условите поради кои на обврзникот му е признаено правото данокот да го плаќа според паушално утврден приход, во наредната година ќе го задолжи да води деловни книги.
За прва регистрација или промена на податоци или дерегистрација на даночен обврзник заедно со образецот "ПДД-ПЗ", задолжително се поднесува и образецот "УЈП-РДО/3".

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

### 1. Податоци за обврзникот - носител на СЗС/ИЗ

**1.1. Единствен матичен број на граѓанинот -** Впишете го Вашиот ЕМБГ.
**1.2. Работна активност -** Во празното поле со ознака 1 внесуваат обврзници кои исклучиво се занимаваат со земјоделска дејност, а со ознака 2 обврзници кои земјоделската дејност ја вршат како дополнително занимање.

### 2. Податоци за земјоделски парцели кои се користат

**2.1.** Пополнете со 1, 2, 3, 4 или 5 во зависност дали земјиштето е сопствено, земено во закуп, земено во подзакуп, земено под концесија или плодоуживање. Во прилог на барањето задолжително приложете копие од имотниот или поседовниот лист, договорот за закуп, позакуп, концесија или плодоуживателство.
**2.2, 2.3, 2.4.** Полињата 2.2, 2.3 и 2.4 пополнете ги според податоците од имотниот или поседовниот лист (ораница, бавча, овоштарник, лозје, маслиник, ливада, пасишта, шума, рибник, бара, неплодно земјиште, останато земјиште: штали, придружни објекти, силотрапови, рибник).
**2.5.** Впишете податоци за вистински насадената земјоделска култура.
**2.6.** Впишете ги податоците за видот и сортата на вистински насадената култура.
**2.7, 2.8, 2.9.** Внесете податоци за површината на парцелите кои се користат.
**2.10.** Впишете го просечниот принос по мерна единица.
**2.11.** Впишете го вкупниот приход кој е остварен или се очекува да се оствари (искажан во денари, без дени).

### 3. Податоци за видот и бројот на животните

**3.1.** **Определете го видот на животното со кое обавувате дејност**
**3.1.1, 3.1.2.** Во полињата 3.1.1 и 3.1.2 впишете го вкупниот број на животни за секој вид одделно и вкупниот приход кој е остварен или се очекува да се оствари.
**3.2.** **Пчели**
**3.2.1, 3.2.2.** Во полињата 3.2.1 и 3.2.2 впишете го бројот на пчелните семејства и вкупниот приход кој е остварен или се очекува да се оствари.
**3.3.** **Друго -** Впишете ги другите видови на животни (ноеви, полжави, животни за производство на кожа и крзно и слично).
**3.3.1, 3.3.2.** Во полињата 3.3.1 и 3.3.2 впишете го вкупниот број на животни за секој вид одделно и вкупниот приход кој е остварен или се очекува да се оствари.

### 4. Податоци за земјоделска опрема со која располага обврзникот

Внесете податоци за бројот и видот на земјоделската опрема со која располагате (трактор, работни машини, машини за сеење, машини за молзење и друго) и во прилог на барањето задолжително поднесете копие од сообраќајната дозвола или сообраќајната потврда .

### 5. Очекуван/остварен вкупен приход во тековната година

Впишете ја годината за која го поднесувате Барањето и вкупниот приход кој сте го оствариле или очекувате да го остварите во годината за која поднесувате Барање за паушално плаќање на приходите од земјоделска дејност.

### 6. Прилози кон барањето

Внесете го бројот на приложените документи кон барањето (имотен лист, договор за закуп, подзакуп, концесија, сообраќајна дозвола, сообраќајна потврда, копие од потврдата за упис на земјоделското стопанство во регистер)

### 7. Податоци за составувачот и подносителот на барањето - носител на СЗС/ИЗ

Задолжително пополнете ги податоците за потписник и неговото својство, податоците за составувачот и за одговорното лице.
Ве молиме не заборавајте своерачно да го потпишете ова барање. Потпишувањето на барањето може да го изврши и лице ополномоштено од Вас.
**Давањето на лажна изјава се казнува според Законот**.

### * Објаснување за скратените називи кои се употребени во образецот

**ЕМБГ** - Единствен матичен број на граѓанинот
**ПДД-ПЗ** - Персонален данок на доход - паушал земјоделец
**ЕДБ** - Единствен даночен број
**СЗС** - Семејно земјоделско стопанство
**ИЗ** - Индивидуален земјоделец